РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
Бр. 02-15
22.01. 2024 год.

Врз основа на член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11,136/12,23/13,187/13,44/14,61/15,154/15,39/16, 11/18 и 11/18),член 20-д став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16,35/18 и 198/18),член 21 и 23 став 4 од Законот за работни односи (Сл.весник на РМ бр.62/05,106/08,161/08,114/09, 139/09,149/09, 50/10,124/10,47/11,11/12, 39/12,13/13,25/13,170/13,187/13,113/14,20/15,33/15,72/15,129/15,27/16),член 8 од Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-техничка служба во НУ Народен театар-Битола и Согласноста од Министерството за финансии бр.18-12031/2 од 28.12.2023 година ,директорот донесе

# **О Д Л У К А**

**за избор на 1(едно) лице КУЛ 04 05 Б01 004-Фризер ,по објавен јавен оглас бр.01/2023**

Во врска со објавениот јавен оглас бр.01/2023 за вработување на неопределено работно време на 1(едно) лице КУЛ 04 05 Б01 004-Фризер,се избира *Стефанија Стојчевска* од Битола.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Националната установа Народен театар-Битола,согласно Законот за културата,Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи,како и Согласноста од Министерството за финансии бр.18-12031 од 28.12.2023 година објави јавен оглас бр.01/2023 на 29.12.2023 година во дневните весници "Нова Македонија","Слободен печат" и" Лајм" за вработување на неопределено работно време на 1(едно) лице Фризер.

Во врска со наведениот јавен оглас директорот на Театарот со Одлука за формирање комисија за постапка за вработување формира Комисија за постапка за вработување,која по поднесените пријави на кандидатите ја спроведе постапката за вработување соглано Законот за културата и Правилникот за пополнување на работни места за даватели на услуги и помошно-технички кадар во Националната установа Народен театар-Битола,најпрво спроведе проверка на поднесените пријави на кандидатите на 17.01.2024 година и изготви Записник бр.04-525/2, по што следеше интервју на 18.01.2024 година и изготви Записник бр.04-525/3 со предлог Ранг листа со кандидати за вработување на горенаведеното работно место и истата ја достави до директорот за избор.

Директорот на Театарот изврши избор за горенаведеното работно место по објавениот јавен оглас бр.01/2023 како во член 1 од диспозитивот на оваа одлука,заради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Правна поука:против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе приговор до Управниот одбор на Театарот.

НУ Народен театар-Битола
Директор
Иван Јерчиќ